**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-294/4**

**Скопје, 30.04.2009 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „УЛИЦИ И ПАТИШТА“**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие “Улици и патишта ” Скопје (во понатамошниот текст “Улици и патишта ”) за 2007 година, кои се прикажани на страните од 1 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на “Улици и патишта ” за 2004 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Илија Мартиновски - вд директор од 16.05.2005 година , а директор од 18.10.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 13 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 12.12.2008 до 05.02.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на Јавното претпријатие, добиени се забелешки на точките 10.2.2.; 10.2.3.; 10.2.5.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.3. и 10.4. од Претходниот извештај, заведени под број 1102-294/3 од 24.03.2009 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати. Превземените активности од страна на надлежните органи по дадената препорака на овластениот државен ревизор за утврдената состојба во точката 10.2.5. ќе бидат презентирани во рамките на утврдените состојби а дадената препорака избрише заради нејзина реализација/спроведување.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

***Стратегија за управување со ризици***

11.1.1. Надлежните органи за раководење со претпријатието во 2007 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат што не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење на претпријатието да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање.

**Процес на јавни набавки**

11.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за јавни набавки. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и законско користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување, донесување и имплементирање на контролни постапки во погоренаведениот процес.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. “Улици и патишта” во сметководствената евиденција на име обврски за данок на додадена вредност, обврски за данок од добивката, обврски за персонален данок на други примања и персонален данок од плати заклучно со известувачкиот датум 31.12.2007 година искажува обврски во вкупен износ од 68.137 илјади денари односно до денот на ревизијата изнесуваат 78.694 илјади денари и тоа како што следува:

- данок на додадена вредност во износ од 60.298 илјади денари, односно 71.383 илјади денари ;
- данок од добивка во износ од 6.960 илјади денари, односно 6.710 илјади денари;
- персонален данок од плати во износ од 879 илјади денари, односно измирен во текот на 2008 година и
- обврски за персонален данок на други примања во износ од 601 илјади денари.

Започнувајќи од 2006 година до денот на ревизијата “Улици и патишта” доставило повеќе барања до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи за одлагање на плаќање на даночниот долг за што Министерството за финансии-Управа за јавни приходи донесува повеќе решенија за одложено плаќање и присилна наплата но по истите не е постапувано. Неизмирување и ненавремено измирување на горенаведените обврски не е во согласност со одредбите од Законот за данокот на додадена вредност, Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниот данок на доход. Непочитувањето на одредбите од наведените законски акти и непревземањето на мерки и активности за плаќање на наведените даноци предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати соодветните даноци. На ден 23.01.2009 година согласно Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување до Управата за јавни приходи поднесено е Барање за отпис на пресметаните неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки кои доспеале за плаќање до 31.12.2008 година.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието континуирано да ја следат состојбата за условите, начинот и постапката на подмирување на обврските спрема Буџетот на Република Македонија кој претставува услов за добивање на правото на отпишување на каматите на наведените јавни давачки.

11.2.2. На име обврски за плати и придонеси од плати од минати години “Улици и патишта” во сметководствената евиденција на 31.12.2007 година искажува обврска во вкупен износ од 4.248 илјади денари и тоа како што следува:

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 3.988 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 260 илјади денари;

Наведеното салдо потекнува од обврска за пресметан, а неуплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување за 2004 и 2005 година. Имено за обврската за неуплатен придонес за 2004 и 2005 година во износ од 7.197 илјади денари склучен е Договор заведен под број 05 – 2555 од 29.08.2006 година со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за одложено плаќање на заостанатиот придонес за пензиско и инвалидско осигурување за 2004 и 2005 година и истите се подмируваат по одредена динамика во 24 месечни рати почнувајќи од 30.09.2006 до 31.08.2008 година. До 16.06. 2008 година измирена е дел од заостанатата обврска на име придонес за ПИО и истата обврска изнесува 2.890 илјади денари и до денот на ревизијата не е извршено уплаќање на заостанатиот долг а обврската за придонес за вработување е подмирена. Неплаќањето на пресметаните придонеси од плати не е во согласност со одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за вработување. Непочитувањето на одредбите на наведените законски акти и непревземањето на мерки за плаќање на придонесите од плати предизвикува потценување на приходот на фондовите каде се уплатуваат придонесите за годината за која “Улици и патишта” имало обврска да ги уплати придонесите.

**Препораки:**

“Улици и патишта” во соработка со основачот – Градот Скопје и надлежните органи да превземе соодветни активности и мерки за начинот на подмирување на заостанатите придонеси од плати за 2004 и 2005 година.

“Улици и патишта” да превземе мерки за усогласување на состојбата на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување со Фондот за ПИОМ и за утврдените разлики да изврши доплата.

“Улици и патишта” да воспостави соодветни процедури и постапки кои ќе овозможат плаќање на јавните давачки во моментот на настанување на нивната обврска.

11.2.3. “Улици и патишта” не презентираше соодветни и веродостојни документи од кои може да се констатира дека пристапиле односно Директорот ги превземал потребните активности за:

- o изработување и предлагање на Финансиски план кој ги содржи сите приходи и расходи на претпријатието и инвестициите со динамиката на нивното реализирање,
- o изготвување на тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење и нивно доставување до основачот на претпријатието, и
- o изготвување извештаи за работењето на претпријатието на секои шест месеци обрнувајќи посебно внимание на содржината на податоците за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, вклучувајќи и податоци за финансиското работење и нивно доставување до Управниот одбор и основачот на претпријатието.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавни претпријатија, а отсуството на превземените активности за изготвување на наведениот план и наведените извештаи предизвикува ограничување на надлежностите на основачот на јавното претпријатие заради отстранување на неповолните состојби во претпријатието.

**Препорака:**

Основачот на претпријатието и надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат активности и ги задолжат надлежните вработени односно директорот на претпријатието за континуирано, навремено и квалитетно изготвување на наведениот план и наведените извештаи и негово односно нивно доставување до надлежните органи.

11.2.4. “Улици и патишта” во известувачкиот период и пред тоа склучил договори за кредит и позајмица за кои не обезбедил согласност од основачот и тоа:

- o Договор за краткорочен кредит за обртни средства заведен под број 361/06 од 27.12.2005 година на износ од 12.200 илјади денари со рок на враќање од 12 еднакви месечни рати и истиот е вратен заклучно со мај месец 2007 година.

- o Договор за позајмица заведен под број 03 – 950 од 30.03.2007 година на износ од 11.990 илјади денари со рок на враќање од 12 месеци и вратена заклучно со јули месец 2008 година.

Ваквата состојба не е во согласност со член 11 од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските одредби предизвикува претпријатието незаконски да се задолжува за наведените средства, а за ненавременото плаќање на обврските по овој основ дополнително да биде оптоварено со камати.

**Препорака:**

“Улици и патишта“ да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на основачот и соодветна анализа на оправданоста на задолжувањето.

11.2.5. “Улици и патишта“ не презентираше склучен договор помеѓу директорот на претпријатието и Градоначалникот на Град Скопје за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата што не е во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија. Непревземањето на активности за склучување на наведениот договор предизвикува отсуство на уредување на правата, одговорностите и обврските на директорот на претпријатието и Градоначалникот на Град Скопје.
Во прилог на забелешките на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор, законскиот застапник приложи Договор број 08-370/1 од 17.02.2009 година склучен помеѓу Градоначалникот на град Скопје и Директорот на јавното претпријатие „Улици и патишта“ Скопје за уредување на правата, одговорностите и овластувањата во вршењето на функцијата директор на јавното претпријатие, со што е извршено спроведување на дадената препорака.

11.2.6. На ден 18.10.2005 година Градоначалникот на Град Скопје донел Решение број 08-3266/1 од истата дата со кое врши разрешување на вршителот на должност директор на “Улици и патишта“ и истиот ден со Решение број 08-3267/1 го избира за директор на “Улици и патишта“. На ревизијата не се презентирани веродостојни документи за објавување на јавен конкурс за избор на директор, што не е во согласност со одредбите на Законот за локалната самоуправа. На ден 16.10.2008 година од Централен регистар на РМ издадена е Тековна состојба од единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица во кое е наведено дека лицето наведено во точка 4 од овој извештај е вршител на должност-директор, односно ваквата состојба упатува дека наведеното Решение не е спроведено во Трговскиот регистар во Централниот регистар на РМ, што не е во согласност со одредбите на Законот за Централен регистар, Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за трговски друштва. Непрезентирањето на веродостојни докази за објавен јавен конкурс и неизвршениот упис на податоците во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на РМ предизвикува несоодветна постапка за избор на директор, необединување на сите правно релевантни податоци во едно Решение за упис кој во себе ги содржи тековните податоци за претпријатието, издадено од Централниот регистар на РМ.

**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да превземе активности за преиспитување на донесените акти и нивна усогласеност со Законот за локална самоуправа и Законот за јавните претпријатија.

11.2.7. Советот на Град Скопје донесува Одлуки за именување на (7) седум членови на Управниот Одбор на “Улици и патишта“, од кои според информациите кои се презентирани на ревизијата 5 лица се со средна стручна спрема и (5) пет членови на Одборот за контрола на материјално – финансиско работење, од кои 2 лица се со средна

стручна спрема, притоа неводејќи грижа за професионалните квалификации на именуваните членови односно изборот да биде извршен од редот на „афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие “, што не е во согласност со Законот за јавните претпријатија. Неводејќи грижа за утврдената состојба основачот предизвикал можност од несоодветно одлучување во работењето на Управниот одбор и несоодветно управување со работењето на претпријатието.

**Препорака:**

Основачот на претпријатието да води грижа и обезбеди во Управниот Одбор и Одборот за контрола на материјално – финансиско работење на претпријатието, именува лица кои поседуваат знаење и искуство посебно во дејноста на финансиското – сметководственото работење, односно изборот да биде извршен од редот на „афирмирани и познати стручни лица во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие “.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. "Улици и патишта" поседува Имотен Лист бр.45709 за КП 10163 /2 во КО Центар 1 и Имотен Лист бр.32168 за КП 4395/1 во КО Кисела Вода 1 во кои е упишано правото на сопственост на градежни објекти и правото на користење на градежно земјиште во вкупна површина од 15.559 м$^{2}$,. Согласно одредбите на Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост според кој се уредува приватизацијата, долготрајниот закуп, времениот закуп, одземање и престанување на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост на кое правото на користење имаат физички и правни лица, "Улици и патишта" има право/обврска да поднесе барање за приватизација на градежно земјиште под услови на начин и во постапка утврдени со овој закон. И покрај тоа што ваквото право/обврска со измените на наведениот закон е одложено заклучно со 25.01.2011 година, "Улици и патишта" до денот на ревизијата нема поднесено барање за приватизација на градежно земјиште за кое има право на користење евидентирано во погореспоменатите имотни листови и не превземало активности за воведување во трговските книги. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи, постоење на ризик од нестекнување право на сопственост на градежното земјиште доколку не се запази рокот за приватизација на градежното земјиште согласно член 27 од Законот за приватизација и закуп на државно земјиште .

**Препораки:**

"Улици и патишта" да превземат мерки и активности за евидентирање на земјиштето во финансиските извештаи во согласност со МСС и усвоените сметководствени политики.

Надлежните органи за управување и раководење со "Улици и патишта" да донесат соодветен акт во кој ќе се одредат понатамошните активности за приватизација, долгорочен или времен закуп на градежното земјиште на кое право на користење има "Улици и патишта" во согласност со Законот за приватизација и закуп на државно земјиште.

11.3.2. Не се превземени активности за доследно применување на донесените сметководствени политики за начинот на признавање и непризнавање на краткорочните побарувања во финансиските извештаи, што не е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план. Непревземањето на потребните активности за примена на наведените политики предизвикува “Улици и патишта“ за тужените/сомнителните и спорни побарувања да не превземе активности за нивно соодветно евидентирање/вредносно усогласување, кое има за ефект, нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и релевантноста и веродостојноста на информацииите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Вработените задолжени за водење на трговските книги да обезбедат континуирано имплементирање на пропишаните сметководствени политики вршејќи редовно вредносно усогласување и во координација со пописната комисија предложат на надлежните органи за управување и раководење да донесат акт за постапување со сомнителните и спорните побарувања.

11.3.3. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 39 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 13 одговори, што претставува 33% од вкупно испратените, од кои 4 се потврдени односно 31% од пристигнатите а 9 не се потврдени односно 69%, додека 26 воопшто не одговорија што претставува 67% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комитенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака:**

"Улици и патишта" да превземе мерки и активности за континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (комитентите), заради нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација поради следново:

- при доставување на Годишниот план за јавни набавки за 2007 година до Бирото за јавни набавки нема доставено Претходно (индикативно) известување за јавните набавки што планира да ги изврши во текот на годината, заради објавување на веб страницата за јавни набавки;

- Одлуката за потреба од јавна набавка не ги содржи потребните елементи пропишани со Законот за јавни набавки, а пред се: износ и извор на средства потребни за реализација на набавката и критериуми за избор на најповолен понудувач;
- Содржината на тендерската документација не содржи покана за поднесување на понуда, инструкции на понудувачите за подготовка на понудата, модел на договор и образец за начинот на пополнување на фактурата;
- Не се обезбедени гаранции како средство со кое се обезбедува дека избраниот понудувач навремено, квалитетно и според условите во договорот ќе ја изврши набавката;
- Одредени Договори за јавни набавки немаат определен конкретен предмет на договор и не е наведен вкупен износ потребен за реализација на договорот;

Ваквата состојба влијае на создавање на нерамноправна положба на понудувачите, непостоење на фер конкуренција, јавност и транспарентност при набавките.

11.4.2. Извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 260.557 илјади денари по постапки спроведени во 2006 и 2007 година, а чија реализација продолжува во 2007 и 2008 година, кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки и тоа:

- постапки за јавни набавки спроведени и завршени во 2006 година, со реализација во 2006 и 2007 година во вкупен износ од 167.119 илјади денари, во кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на ЗЈН ( Прилог 1),
- постапки за јавни набавки спроведени и завршени во 2007 година, со реализација во 2007 и 2008 година во вкупен износ од 82.795 илјади денари, во кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на ЗЈН (Прилог 2) и
- за набавки во 2007 година во износ од 10.643 илјади денари не е спроведена постапка за јавни набавки (Прилог 3)

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на стоки и услуги предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење на "Улици и патишта" да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на

постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки.

11.5. **Ефекти од ревизијата**

11.5.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точката 11.3. предизвикуваат потценување на матријалните средства/вредноста на земјиштето и несоодветно евидентирање/искажување на тужените/сомнителните и спорни побарувања.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2.; 11.3. и 11.4 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавно претпријатие "Улици и патишта" Скопје под 31 Декември 2007 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2 и 11.4. кај Јавно претпријатие "Улици и патишта" Скопје не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Заради обезбедување на неопходни услови за одвивање на безбеден сообраќај по сообраќајниците на подрачјето на Град Скопје, Градот Скопје како основач секоја година носи две програми за работа и постапување на Јавните претпријатија и тоа:

- Програма за одржување и заштита на магистрални и собирни улици и за регулирање на режимот на сообраќајот во Град Скопје во 2007 година број 07-363/1 од 12.02.2007, објавена во Службен гласник на Град Скопје број 02/2007, и

- Програма за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2007/2008 година (Зимска служба) број 07-2644/1 од 25.10.2007 година објавена во Службен гласник на Град Скопје број 19/2007.

За спроведување на Програмата за одржување и заштита на магистрални и собирни улици и за регулирање на режимот на сообраќајот во Град Скопје во 2007 година предвидени се средства во Програмата Ј6 од Буџетот на Град Скопје, во вкупен износ од 151.190 илјади денари, а за Програмите за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2006/2007 и 2007/2008 година (Зимската служба) утврден е извор на финансирање „средствата предвидени со програмата за користење на средства од употреба на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје“ која што програма не постои односно истата се заснова на градската рента која како вид/категорија на надоместок е напуштен со новите одредби од Законот за градежно земјиште и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија заведена под број 87/2004 од 01.12.2004 година објавена во Службен весник број 89/2004 година со која се укинува надоместок градска

рента утврден од Советот на Град Скопје. Исто така во содржината на самите програми се поместени содржини и одредби кои не соодвествуваат со законските и подзаконските акти кои се во сила во моментот на изготвување и воедно се користат термини на правни субјекти кои во правниот промет не постојат. Ваквата состојба укажува на потребата од превземање на активности од страна на надлежните служби на Град Скопје за усогласување на програмите кои ги изготвува и донесува Градот Скопје.

14.2. Имајќи ги во предвид финансиските резултати и состојбата во која што се наоѓа и состојбата на средствата и опремата со која располага "Улици и патишта" произлегува дека претпријатието не е во можност да ги извршува дејностите од јавен интерес за кои е основано од Град Скопје (уредување, изградба, реконструкција и одржување на магистрални, собирни улици, станбени, сервисни, локални патишта, плоштади и спортски терени, одржување на улична сообраќајна сигнализација, одржување на улици и сообраќајници во зимски услови), без ангажирање односно обезбедување услуги од други правни субјекти. Ваквата состојба влијае на прелевање на средствата добиени од основачот преку "Улици и патишта" на трети лица. За надминување на наведената состојба надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со основачот потребно е да изработат програма за надминување на настанатата состојба.

14.3. Врз основа на член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал и член 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Агенцијата на Република Македонија, Комисијата за приватизација на Владата на Република Македонија на седницата одржана на 28.03.2006 година донела Одлуки за продажба на акции од државен капитал. На ден 25.04.2006 година Министерството за финансии - Сектор за управување со капитал испратил писмено известување број 14-14040/1 од истата дата до Централниот депозитар на хартии од вредност со листа на акции кои се предмет на продажба по пат на берзанска аукција на Берзата на 05.05.2006 година. Во листата на акции се и 645 акции на "Улици и патишта" чија номинална вредност е 1.000 денари иако "Улици и патишта" е основано од страна на Градот Скопје, право на располагањето со нејзините акции има Градот Скопје , а не Државата. На ден 07.11.2006 година "Улици и патишта" со писмо заведено под број 05-3239 поднело барање до Централниот депозитар на хартии од вредност заради известување за состојбата на акциите што ги поседува „Улици и патишта“ во Комерцијална банка АД Скопје. На истата дата од Централниот депозитар на хартии од вредност е добиено Известие заведено под број 02-4940/1 со кое се известува "Улици и патишта" дека акциите се префрлени на сметката Хартии од вредност на Министерството за финансии, заради спроведување на Одлуката на Министерството за финансии за јавна берзанска аукција број 14-14040/1 од 25.04.2006 година. На 27.01.2009 година "Улици и патишта" до Основниот Суд Скопје 2 поднел Тужба против Република Македонија со која тужба бара да му се надомести штета во износ од 4.837 илјади денари за бесправно продавање на акциите.

14.4. "Улици и патишта" има извршено упис на заложно право во Заложниот Регистар на РМ согласно нотарски акт - Договор за регистриран залог на подвижни предмети бр. ОДУ 198/07 од 10.04.2007 година, помеѓу Заложниот доверител - Министерство за Финансии, Управа за јавни приходи Скопје и Заложен должник "Улици и патишта". Залогот се состои од подвижни предмети - транспортни средства, градежни машини и опрема (асфалтна база) евидентирани во сметководствената евиденција со набавна вредност од 24.822 илјади денари, отпишана вредност од 24.581 илјади денари и сегашна вредност од 241 илјади денари за кои има проценка на вредноста на средствата од страна на овластен проценител на износ од 59.487 илјади денари како гаранција за обезбедување на плаќањето на даночен долг во износ од 58.015 илјади денари по Решение за присилна наплата од сметка бр.16-29/1224 од 01.11.2006 по основ на ДДВ за период од 07 месец 2002 заклучно со 2005. Ваквата состојба во која сите транспортни средства, градежна механизација и опрема (асфалтна база) се ставени под залог предизвикува ризик од неисполнување на основната дејност изградба и одржување на патишта и други сообраќајни аеродромски писти и спортски терени од јавен интерес на подрачјето на Град Скопје за која е формирано Јавното Претпријатие.

14.5. Согледувајќи ја неповолната состојба во јавните претпријатија чиј основач е Градот Скопје, Градоначалникот на Град Скопје доставил укажување до надлежните органи за управување и раководење со претпријатијата за висината на месечните надоместоци/паушали за членовите на Управните Одбори во износ од 6.000 до 7.000 денари, а на членовите на Надзорниот Одбор во износ од 4.000 до 5.000 денари. И покрај упатеното укажување Управниот Одбор на Јавното претпријатие донел Одлука број 02-1042 од 14.04.2006 година за утврдување на висината на паушалот на членовите на Управниот Одбор од 9.000 до 10.000 денари и Одборот за контрола на материјално - финансиско работење од 6.000 до 7.000 денари. На 25.01.2007 година Градоначалникот на Град Скопје доставува писмо ”Барање за постапување” број 03-243 со кое укажува на висината на надоместоците/паушалите и потребата од нивно намалување. Непочитувајки ги дадените укажувања Управниот Одбор донел Одлука број 02-36661 од 28.11.2008 година за утврдување на висината на паушалот на членовите на Управниот Одбор од 18.000 до 20.000 денари и Одборот за контрола на материјално - финансиско работење од 10.000 до 12.000 денари. Ваквата состојба не е во согласност со економската состојба во која се наоѓа претпријатието.

15. "Улици и патишта" превземало мерки само за утврдените наоди во точките: 10.1.5; 10.2.1; 10.2.2; 10.2.3; 10.2.4; 10.3.1; 10.3.2; 10.4.2; 10.4.3 и 10.4.4. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година, односно нема превземено мерки за утврдените состојби од областа на Неправилна примена на акти, Неправилна примена на сметководствени политики и начела, Неправилно искажување на билансни позиции и Ненаменско и незаконско користење на средства.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 24.04.2009 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 154,638 | 213,386 |
| Останати деловни приходи | 6,069 | 1,643 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **160,707** | **215,029** |
| Материјални трошоци | 88,162 | 133,041 |
| Трошоци за бруто плати | 51,637 | 48,874 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 521 | 495 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 734 | 7,570 |
| Останати оперативни трошоци | 28,553 | 18,438 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **169,607** | **208,418** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3 | 2 |
| Приходи од учества на вложувања | - | 97 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 6,910 | 5,831 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(15,807)** | **879** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(15,807)** | **879** |
| **Данок од добивка** | **-** | **5,054** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(15,807)** | **(4,175)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 481 | 46 |
| Побарувања по основ на продажба | 88,855 | 108,163 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 50 | 50 |
| Други краткорочни побарувања | 291 | 39,264 |
| Платени трошоци за идните периоди | 240 | - |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,144 | 822 |
| Залихи | 6,698 | 6,096 |
| **Вкупно тековни средства** | **97,759** | **154,441** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 1,455 | 1,624 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 685 | 685 |
| **Вкупно нетековни средства** | **2,140** | **2,309** |
| **Вкупна актива** | **99,899** | **156,750** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 61,630 | 66,552 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 6,057 | - |
| Краткорочни обврски од финансирање | 7,834 | 8,724 |
| Останати краткорочни обврски | 88,054 | 134,428 |
| Одложени плаќања на трошоци | 5,601 | 516 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **169,176** | **210,220** |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 23,185 | 23,185 |
| Ревалоризациона резерва | 88 | 88 |
| Резерви | 752 | 752 |
| Пренесена загуба | 77,495 | 73,320 |
| Загуба за финансиска година | 15,807 | 4,175 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **(69,277)** | **(53,470)** |
| **Вкупна пасива** | **99,899** | **156,750** |

## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Загуба финансиската година | Вкупн |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **23,185** | **752** | **88** | **(77,495)** | **(53,470)** |
| Загуба за финансиска година | | | | (15,807) | **(15,807)** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **23,185** | **752** | **88** | **(93,302)** | **(69,277)** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2007/2006** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(15,807)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 521 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 19 |
| **Готовински текови од работење** | **(15,267)** |
| Побарувања по основ на продажба | 19,308 |
| Други краткорочни побарувања | 38,973 |
| Платени трошоци за идните периоди | (240) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (322) |
| Залих | (602) |
| Обврски спрема добавувачи | (4,922) |
| Примени аванси, депозити и кауции | 6,057 |
| Краткорочни обврски од финансирање | (890) |
| Останати краткорочни обврски | (46,374) |
| Одложени плаќања на трошоци | 5,085 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **806** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (371) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(371)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **435** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **46** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **481** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1106-294/13**

**Скопје, 16.06.2009 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државната ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/06 и 133/07), постапувајки по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие “Улици и Патишта” Скопје (во понатамошниот текст јавното претпријатие) за 2007 заведени под број 1105-294/12, Главниот државен ревизор го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на **точките 11.1.1; 11.2.1; 11.2.2; 11.2.3; 11.2.4; 11.3.1; 11.3.2; 11.3.3; 11.4 и 14.2** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Јавното претпријатие “Улици и Патишта” Скопје **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие “Улици и Патишта” Скопје за 2007 година поднесен е приговор заведен под број 1105-294/12 од 28.05.2009 година. Со поднесениот приговор се доставени дополнителни докази со кои не може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, поради што Овластениот Државен Ревизор ги дава следниве образложенија за неприфаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на **точката 11.1.1** кој се однесува на утврдената состојба за непревземени активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат/отсуство на стратегија за управување со ризиците, **не се прифаќа**. Укажувањата од страна на законскиот застапник дека работењето на претпријатието „зависи исклучиво од добрата волја на основачот“ и „ основачот

ќе треба да го направи сето ова“, не преставуваат доказ дека јавното претпријатие ги превземало потребните мерки за соодветно управување со ризиците. Согласно одредбите на Законот за локалната самоуправа и Законот за јавните претпријатија утврдени се надлежностите на основачот на претпријатието а со Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, е пропишана обврската за донесување на стратегијата за управување со ризиците од страна на раководителот на субјектот.

2. Упатениот приговор на **точката 11.2.1** кој се однесува на утврдените состојби за ненавремено подмирување на даноците, меѓу кој и на персоналниот данок од плати во износ од 879 илјади денари, **<u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што субјектот не достави дополнителни докази со кој можат да се преиначат утврдените состојби од овластениот државен ревизор. Овластениот државен ревизор не го оспорува фактот дека наведениот износ во текот на 2008 година е измирен и истото го наведува во Конечниот извештај и тоа : „персонален данок од плати во износ од 879 илјади денари, односно измирен во текот на 2008 година“.

3. Упатениот приговор на **точката 11.2.2** кој се однесува на констатираните состојби за ненавремено подмирување на придонесите за: пензиско и инвалидско осигурување и вработување **<u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што субјектот не достави дополнителни докази со кој можат да се преиначат утврдените состојби од овластениот државен ревизор. Овластениот државен ревизор не го оспорува фактот дека јавното претпријатие има склучено договор со Фондот за пензиско инвалидско осигурување за одложено плаќање на заостанатиот придонес и дека дел од обврските се подмирени односно обврската за вработување е подмирена. Ваквата состојба соодветно е презентирана во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

4. Упатениот приговор на **точката 11.2.3.** кој се однесува на констатацијата за непревземањето активности за изработка и предлагање на: Финансиски план кој ги содржи сите приходи и расходи на претпријатието и инвестициите со динамика на нивното реализирање и годишни и периодични извештаи за работењето на претпријатието **<u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што законскиот застапник ги наведува само причините кои воедно би требало да преставуваат оправдување за утврдената состојба од страна на ревизијата. На ревизијата не и е презентиран акт од кој може да се констатира дека законскиот застапник укажува на основачот дека отсуството на програмите и плановите за работа и „инцидентни налози за работа“ влијаат на можноста од изработка на финансискиот план на јавното претпријатие. Укажувањата од страна на законскиот застапник дека годишните и периодичните извештаи за работењето на претпријатието задолжително се доставуваат до надлежните органи без доставување на соодветни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби од страна на овластениот државен ревизор се неприфатливи.

5. Упатениот приговор на **точката 11.2.4.** кој се однесува на констатацијата за склучени договори за кредит и позајмица без обезбедена согласност од основачот **<u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои ке ја оспори утврдената состојба. Укажувањето дека јавното претпријатие го извршило задолжувањето со знаење на градот и обезбедено соодветно мислење од одреден сектор од град Скопје, не значи и соодветно постапување согласно Законот за јавните претпријатија во кој децидно е утврдено дека „основачот на јавното претпријатие дава согласност на актот за задолжување на јавното претпријатие“.

6. Упатениот приговор на **точката 11.3.1.** кој се однесува на констатацијата за непревземени активности: за поднесување барање за приватизација на градежно земјиште под услови на начин и во постапка утврдени со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост според кој се уредува приватизацијата, долготрајниот закуп, времениот закуп, одземање и престанување на правото на користење на градежното земјиште на кое правото на користење имаат физички и правни лица како и воведување на земјиштето во трговските книги **не се прифаќа,** поради тоа што констатираната состојба не е во согласност со точката 57 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи од Правилникот за водење на сметководството. На наведената точка децидно е наведено: „При утврдување на постоење на дадено средство, правото на сопственост не е од суштинско значење“, што значи доколку претпријатието ги контролира користите кои се очекуваат да претставуваат прилив од него, истото треба да се евидентира во трговските книги, независно од законската обврска за приватизација на градежното земјиште под услови на начин и во постапка утврдени со горенаведениот Закон.

7. Упатениот приговор на **точката 11.3.2.** во делот на имплементирање на дадената препорака која се однесува на обврската за континуирана примена на пропишаните сметководствени политики вршејќи редовно вредносно усогласување на краткорочните побарувања во финансиските извештаи, **не се прифаќа,** поради тоа што не е обезбедено целосно постапување по утврдените сметководствени политики за начинот на признавање/непризнавање (отпишување) на краткорочните побарувања. Укажувањето дека дадената препорака била претходно прифатена односно биле исправени некои неправилности во евидентирањето на сомнителните и спорните побарувања, овластениот државен ревизор го имаше во предвид во текот на ревизијата, но тоа не значи целосна примена на пропишаната сметководствена политика и законските и подзаконските акти кои ја регулираат таа област.

8. Упатениот приговор на **точката 11.3.3.** кој се однесува на малиот одзив на комитентите на јавното претпријатие за усогласување на побарувањата и обврските односно не превземање активности за конфирмирање на побарувањата и обврските **не се прифаќа,** поради тоа што на ревизијата не и е презентиран документ од кој ќе се види дека правниот субјект покажал иницијатива односно превземал активности за конфирмирање на побарувањата и обврските со комитентите.

9. Упатениот приговор на **точката 11.4.** кој се однесува на утврдените состојби за планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, **не се прифаќа** поради тоа што приложените докази кои законскиот застапник дополнително ги достави не влијаат на утврдените состојби од страна на овластениот државен ревизор. Во дадениот приговор во делот на Годишниот план за јавни набавки за потребата од доставување на претходно (индикативно) известување за јавните набавки заради негово објавување на веб страната на Бирото за јавни набавки и самиот законски застапник со дадениот приговор ја потврдува утврдена состојба и тоа „но за дел за кои од основачот немаме информација кога ќе работиме, затоа е ставено по потреба“. Доставените прилози (тендерска документација) не ги задоволуваат законските и подзаконските акти во делот на содржината на тендерската документација а пред се на детални инструкции за економските оператори/понудувачи и јасно утврдени критериуми за избор на најповолен понудувач во Одлуката за јавна набавка. Наведувањето дека целокупното работење на претпријатието е во

директна зависност од обезбедените финансиски средства од основачот, неможноста од навремено подмирување на обврските кон комитентите и необезбедувањето на банкраска гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите само ја потврдува утврдената состојба од страна на овластениот државен ревизор.

10. Упатениот приговор на **точката 14.2.** кој се однесува на извршеното обелоденување од страна на овластениот државен ревизор за состојбата во која се наоѓа претпријатието, можноста од извршување на дејностите од јавен интерес и обезбедување на услуги од други правни субјекти **не претставува приговор,** туку објаснување за превземените мерки од страна на основачот за надминување на наведената состојба односно обновување на средствата и опремата на претпријатието од страна на основачот на претпријатието.

**Главен државен ревизор**

Скопје, 16.06.2009 година

**Тања Таневска**